Бо 13:15

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 02-2143/2
02.05. 2024 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 20-та седница одржана на 02.05.2024 година, во врска со Предлогот бр.03-2168/1 од 02.05.2024 година за поведување прекршочна постапка против ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување бр.10-2162/1 од 02.05.2024 година на ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

2. Советот заклучи против ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 25 април 2024 година за време на вториот круг од Претседателските избори 2024, во реалните часови емитувана програма од 8 до 9 часот, од 9 до 10 часот, од 10 до 11 часот, од 11 до 12 часот и од 12 до 13 часот, емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател – Гордана Силјановска Давкова, поддржана од политичката партија во опозиција - ВМРО-ДПМНЕ.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**